PharmaS®

**Локација**
Македонија

**Позиција**
**Стручен медицински соработник во PharmaS**

За потребите на претставништво на хрватската фармацевтска компанија PharmaS во Македонија бараме Стручни медицински соработници (м/ж), за работа на определено/неопределено време.
Од кандидатите се очекува да покажат ентузијазам за понатамошно развивање на бизнис операциите на пазарот и да бидат подготвени за имплементирање на најдобрите практики во сите области на работата.

**Одговорности:**
- Остварување на предвидениот план за продажба
- Спроведување на предвидените маркетинг активности
- Промоција, презентација и продажба на фармацевтски производи
- Посета на лекари и фармацевти во зададениот регион
- Постојан професионален развој и стручно унапредување преку присуство на конференции и семинари
- Градење на добри релации со клиентите и репрезентирање на компанијата PharmaS и производите
- Поднесување на извештаи за посетите на клиентите, продажбата, трошоците и промотивните активности во зададениот регион

**Потребни квалификации:**
- Универзитетска диплома VII степен (медицина, фармација, стоматологија, ветерина) или средно медицинско училиште
- Одлично познавање на MS office пакетот и интернет пребарувачите
- Одлични организациски способности и вештини на планирање
- Одлични комуникациски и презентациски вештини
- Одлично познавање и непречена комуникација (писмена/усна) на: Англиски и Хрватски/Српски јазик
- Валидна возачка дозвола (Б-категорија)

**Профил на идеалниот кандидат:**
- Има работно искуство на иста или слична позиција и го познава на теренот
- Подготвен за патување
- Ориентиран кон резултати
- Посветен на работата и реализација на зададените цели
- Добар слушател и комуникативен
- Лојален и дискретен
- Отворен и искрен
- Тимски играч

**Компанијата ќе ви овозможи:**
- Можности за градење на кариера во успешна брзорастечка глобална компанија
- Интересна и динамична работна средина со можност за напредување
- Обуки и комплетни услови за успешно завршување на работните задачи
- Конкурентен паричен надоместок соодветен на постигнатите резултати

Доколку сте заинтересирани да станете дел од нашиот тим и ги исполнувате горенаведените услови потребно е да испратите резиме на македонски или на англиски јазик (кратка биографија) со фотографија, мотивациононо писмо како и уверение за завршено соодветно образование, најдоцна до 20.03.2023 година на е-маил: office@pharmas.mk

Ве молиме без телефонски јавувања.